Предлог

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 7 и член 10 став 1 алинеја 2 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр.47/06,86/08, 51/11,28/14 и 153/15) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Советот на Општина Велес на 11-та седница одржана на ден __.05.2026 година донесе,

**О Д Л У К А**
**за прифаќање донација од**
**Ротари Клуб Велес**

**Член 1**

Со оваа Одлука, Општина Велес ја прифаќа донацијата од давателот на донација Ротари Клуб Велес.

Донацијата се состои од:

- набавка и поставување на трепкачки ката диоптри на 11 пешачки премини на локации определени во координација со Општина Велес, Одделение за комунални работи и сообраќај.

Вредноста на донацијата изнесува 110.000 денари со вклучен ДДВ.

**Член 2**

За донацијата ќе биде склучен посебен договор помеѓу Градоначалникот на Општина Велес како примател и Ротари Клуб Велес како дaвател на донацијата, согласно Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Образложение**

Од страна на Ротари Клуб Велес доставено е Барање до Општина Велес со арх.бр.09-2493/1 од 21.05.2026 година за донација за подобрување на безбедноста во сообраќајот и патната инфраструктура на територија на Општина Велес.

Донацијата се состои од:

- набавка и поставување на трепкачки ката диоптри на 11 пешачки премини на локации определени во координација со Општина Велес, Одделение за комунални работи и сообраќај.

По донесувањето на оваа Одлука, од страна на Градоначалникот како примател на донацијата и Ротари Клуб Велес како давател на донацијата ќе биде склучен договор согласно Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности.

Врз основа на горенаведеното, се предлага оваа Одлука до Советот на Општина Велес.

Архивски знак: 0906
Рок на чување: трајно
_______ 20___ год
Потпис

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
21 -05- 2026
09-2493/1 1

До
Општина Велес

**Барање за прифаќање на донација**

Ротари Клуб Велес го поднесува ова Барање за прифаќање на донација за подобрување на безбедноста во сообраќајот и патната инфраструктура на територијата на Општина Велес.

Донацијата се состои од набавка и поставување на трепкачки ката диоптри на 11 пешачки премини на локации определени во координација со Општина Велес, Одделение за комунални работи и сообраќај.

Целта на донацијата е зголемување на безбедноста на пешаците, подобра видливост на пешачките премини и придонес кон побезбеден сообраќај во градот, особено во вечерни и ноќни услови.

Вредноста на донацијата изнесува 110.000 денари со вклучен ДДВ. Истото ќе биде поткрепено со фактура.

Со почит,

Велес
21.05.2026 година

Претседател на
Ротари Клуб Велес

Благој Шалев

Ротари Клуб Велес

078/265-358
Благој